АПРИЛ 2025 / БРОЈ 33 - ПУБЛИКАЦИЈА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ WWW.ZKOMORA.COM.MK

# ЗАНАЕТЧИЈА



ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ВЛАДАТА НА РСМ



ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ И УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ЗА ПАУШАЛНО ОДДАНОЧЕНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ



РАБОТНА СРЕДБА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА






НАТПРЕВАР НА СТРУЧНИ ВЕШТИНИ ВО ФРИЗЕРСТВО НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ




РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ „БИДИ ЗАНАЕТЧИЈА ЛЕГАЛИЗИРАЈ ГО СВОЈОТ ЗАНАЕТЧИСКИ БИЗНИС" КОФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бесплатно издание од брошурата со законски обврски можете да подигнете на инфо пултот во Занаетчиска комора Скопје



МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПОДРШКА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И УКРАИНА

## ОБВРСКИ ПО ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ БР. 25/13)

1. Изјава за безбедност и здравје при работа за секое работно место – го изработува лиценцирана фирма од страна на Министерството надлежно за работите од областа на трудот
2. Опремата за работа и средствата за работа мора да се обезбедени со знаци на опасност и упатства за безбедна работа во согласност со посебен пропис
3. Донесување на безбедносни мерки против пожар
4. Донесување на мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност
5. Обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма
6. Обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзина употреба, доколку превземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни
7. Здравствени прегледи на вработените на секои 24 месеци
8. План за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација
9. До 20 вработени едно лице обучено за давање на прва помош, гаснење пожар, евакуација и спасување
10. Број на ПП апарати во зависност од природата на работата, и проверка на истите на 12 месеци од страна на овластена фирма.



За сите подетални информации обратете се на 02 3 237-850.

ДО: Министерство за Економија на РСМ
- раководител на сектор за меѓународно трговска соработка, г-дин Илир Шабани
- помошник раководител на сектор за меѓународно трговска соработка, Весна Јовановска

Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија - МАЛМЕД
За директор Љирим Шабан

## ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ИЗЕМАЊЕ НА СТАКЛАТА (ЛЕЌИ ЗА ОЧИЛА) ОД ДОЗВОЛИ ЗА УВОЗ

Почитувани,

По одржани два состаноци во врска со проблемот при увоз на оптички стакла (леќи за очила) во Министерството за Економија на 08.02.2024 година и во Занаетчиска комора Скопје на 26.02.2024 година на кој беа присутни и претставници од МАЛМЕД и Царинска Управа на РСМ се донесе следниот заклучок:

За да се реши проблемот со увозот на стаклата (леќи за очила) на оптичарите неопходно е за потребите на оптиките каде стаклата (леќи за очила) од глава 90 од царинскиот тарифник претставуваат репроматеријал за сопствени потреби, односно за изработка на готов производ (очила со одредена диоптерска вредност според офталмолошки рецепт за очила за секоја пациент индивидуално и индивидуално центрирани на избрана рамка за очила), да се изземат од поднесување на дозвола при увоз.



Истите стакла (леќи за очила) ќе се користат исклучиво за сопствени потреби како репроматеријал, и нема да служат за понатамошна трговија.

Предлагаме Министерството за Економија на РСМ и МАЛМЕД да доставaт предлог до Царинска управа на РСМ за издвојување на стаклата (леќи за очила) во посебен тарифен број за кој нема да се бара дозвола за увоз.

На тој начин ќе се реши проблемот на оптичарите и ќе можат да увезуваат стакла (леќи за очила) за потребите на вршење на дејност.

## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ И УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ЗА ПАУШАЛНО ОДДАНОЧЕНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ

Во текот на месец февруари се одржа работна средба за проблемот со паушално оданочените занаетчии во Министерството за финансии на РСМ на кој присуствуваа Министерката за финансии Гордана Димитриевска Кочовска, директорката на Управата за јавни приходи Елена Јанева-Петрова и претсавници од Кабинетот на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, Претседателот Горан Ристовски, извршниот директор на ЗКСкопје Анета Атанасовска и извршниот директор на РЗК Струмица Перо Узунов. На работната средба беа претставени сите проблеми со кои се соочуваат занаетчиите и можноста од одлевање во сива економија на регистрираните занаетчии доколку бидат одбиени барањата за паушал за 2025 година. Министерството за финансии и Управата за јавни приходи се заложија дека заеднички ќе изнајдат решение за увид на фактичката состојба на терен пред да се потпишат конечните решенија за паушално оданочување за 2025 година.





ДО: Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Министер за финансии Гордана Димитриевска Кочовска

Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија-Генерална дирекција
За директор Елена Петрова

## ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРАШАЊЕТО ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊАТА ЗА ПАУШАЛНО ОДДАНОЧЕНИ ЗАНАЕТЧИИ ВО ОПШТИНИТЕ ЦЕНТАР, КАРПОШ И АЕРОДРОМ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Занаетчиската комора Скопје во врска со последната информација дека занаетчиите кои поднеле барање за паушално одданочување за 2025 година од општините Центар, Карпош и Аеродром и за дејностите: фризер, бербер, козметичар, декоративен маникир, автомеханичар, миење на возила, груминг салони (салони за домашни миленици) ќе бидат одбиени за паушално одданочување и ќе бидат фискализирани, направи интерна анализа со занаетчиите во врска со остварување на приходи од дејноста која ја вршат самостојно во своите занаетчиски бизниси

1 Пример: Занаетчијата што врши берберска дејност има една цена кој се движи во просек 200-350 денари по лице, дневно може да има 10 клиенти, работи 6 дена во неделата и остварува месечен приход од 98.000,00 денари (земена е највисоката цена во пресметката 350,00 денари. На годишно ниво имаат приход во просек 1.176.000,00 денари, доколку работи цела година земете во предвид дека има државни и верски празници и годишен одмор и излегува дека има приход во просек од 1.078.000,00 денари.

Сметаме дека берберите во погоренаведените општини воопшто не го надминуваат лимитот за паушал затоа во чл 29 став 4 точка 5 од Законот за личен данок на доход е пропишано дека правото на паушално одданочување неможе да му се признае на занаетчија чиј нето приход во годината што и претходи на годината за која се врши утврдување на данок е повисок од две годишни просечни бруто плати по работник во РС Македонија според податоците на Државен завод за статистика.

Пресметка: Просечна бруто плата по вработен за 2024 е 63.154,00x12 месеци=757,848,00 денари x2 години =1.515.696,00 денари: 350 дена=4330,56 (приход дневно): 350 денари (цена за 1 шишање) =12 клиенти дневно треба да прими берберот за да ја достигне границата за излез од паушално одданочување

Вкупно маскималната граница за нето приход и за излез од паушално одданочување и влез во реално одданочување и фискализација е 1.515.696,00 денари

Пример 2 Салони за декоративен маникир надградба на нокти - работат со цени во просек од имаат само една услуги 800 денари, максимум 5 клиенти дневно, дневно имаат приход 4000 денари, во просек имаат приход на месечни ниво 112.000,00 денари.

На годишно ниво имаат приход од 1.344.000,00, доколку работи цела година земете во предвид дека има државни и верски празници и годишен одмор и излегува дека еден месец не работи има приход во просек од 1.232,000 денари и не ја надминуваат максималната граница за одбивање на барањето на паушал.

# РАБОТНА СРЕДБА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 04.10.2024 година се одржа работна средба со Заменикот министер за Економија и труд г-дин Марјан Ристески. На состанокот присуствуваа Државниот советник во Министерството за економија Јумни Адеми претставници од Државниот Пазарен инспекторат, извршниот директор Анета Атанасовска и Претседателот на Занаетчиската комора Скопје - Горан Ристовски.

На состанокот се разговараше на теми кои директно го засегаат занаетчискиот сектор, и тоа сивата економија, голем дефицит на кадар во занаетчискиот сектор и мерки и програми со кои заеднички ќе допринесеме за развој на занаетчиството.





# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАЧИН НА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ СТАЖ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ



Самостојните вршители на дејност кои сеуште го немаат регулирано стажот до 31.12.1993 година ќе мораат да поднесуваат барање до Управата за јавни приходи за издавање на уверение за платени даноци и придонеси.

При поднесување на барањето до Управата за јавни приходи задолжително кон барањето да приложат решение за вршење на дејност, односно решение за престанок на дејност, доколку престанале да вршат дејност.

Овие документи се потребни за пронаоѓање на досието на даночниот обврзник во архивата на УЈП.

Бидејќи голем дел од самостојните вршители на дејност заостанатите обврски по осмнов неплатен придонес за ПИО до 31.03.1997 ги имаат измирено со дисконт и пресметка и уплатница за дисконтно плаќање.

ПИО плаќањето е извршено на сметка на Фондот за ПИОМ, со пресметката за дисконт и уплатницата треба да се јават во подрачната единица на фондот за ПИОМ која ќе му издаде потврда за уплата на придонесот за ПИОМ. За сите подетални информации може да се јавите во Занаетчиска комора Скопје на 078312141, 023237-850.

## УСВОЕНА СТРАТЕГИЈАТА ЗА НЕГУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО, ДЕФИЦИТАРНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ И ЗАНАЕТИ ВО ИЗУМИРАЊЕ 2025-2028

27.02.2025 Советот на Град Скопје на 60-та седница едногласно ја усвои Стратегијата за негување и развој на занаетчиството, дефицитарните занаети и занаетите во изумирање на град Скопје за период од 2025-2028 година. Стратегија беше изработена заеднички со секторот за Локален економски развој одделение за занаетчиство при градот Скопје, Занаетчиската Комора Скопје и занаетчиите членки на комората. Советниците едногласно ги поддржаа сите проекти кои ќе допринесат за развој и унапредување на занаетчиството.





## ОДРЖАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА НА ТЕМА: ПРЕДЛОЗИ ЗА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА И ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР



На ден 14.11.2024 година, Занаетчиската комора Скопје спроведе тркалезна маса на тема: Предлози за мерки за намалување на сивата економија и легализација на дополнителната дејност во занаетчискиот сектор. Во присуство на преставници од повеќе јавни институции меѓу кои и Министерството за Економија и труд на РСМ, Генералната дирекција на Управата за Јавни приходи, Државниот инспекторат за труд, претставници од Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за подршка на претприемништвото и занаетчии беа презентирани и дискутирани наодите од Анализата за потребите за воведување на дополнителна дејност во занаетчискиот сектор.

Во рамките на оваа активност поддржана како дел од Проектот на УСАИД „Активност за јакнење на деловниот екосистем“ а имплементиран од Консалтинг за стратешки развој, ЗКСкопје до надлежните институции ќе достави две иницијативи за намалување на сивата економија и три предлог мерки за подршка на женското претприемништво.





# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ВЛАДАТА НА РСМ



На денешниот состанок со Првиот заменик претседател на Владата и министер за животна средина и просторно планирање г-дин Изет Меџити, Министерот за култура и туризам г-дин Зоран Љутков и градоначалникот на Општина Чаир г-дин Висар Ганиу се разговараше за занаетчиите лоцирани во Старата Скопска Чаршија и мотивирање на млади занаетчии да вршат занаетчиска дејност во центарот на занаетчиството со збогатување на занаетчиската понуда во чаршијата.






# РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ „БИДИ ЗАНАЕТЧИЈА ЛЕГАЛИЗИРАЈ ГО СВОЈОТ ЗАНАЕТЧИСКИ БИЗНИС“ КОФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на проектот „Биди занаетчија легализирај го својот занаетчиски бизнис“ кофинансиран од Министерство за економија и труд на Република Северна Македонија реализираа обуки за обуки за развивање на свеста за легализацијата на занаетчиските бизниси на лица кои вршат занаетчиска дејност но нивните бизниси не се формализирани. Во рамките на проектот се изработи и брошура со сите законски обврски на занаетчиите која ќе биде водич на занаетчиите во сите законски обврски кои треба да ги исполнат при вршењето на дејноста и Анализа за сивата економија во занаетчискиот сектор.

## ИН МЕМОРИАМ

Никола Петров - човек со огромен придонес за развојот на занаетчиството. Претседател на Управниот одбор на Занаетчиската комора Скопје со мандат од 2004 до 2020 година, Претседател на Балканското здружение за занаетчиство и мало стопанство од 2018 година, член во Собранието на Занаетчиска комора Скопје со мандат од 2001-2004, Претседател на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија. Директно вклучен во креирање на Законот за вршење на занаетчиска дејност од 2005 година и Законот за занаетчиство во 2015 година. Заслужен за одговорно и чесно функционирање на комората и квалитетно коморско здружување на Занаетчиите во градот Скопје. Како личност, Никола Петров ќе остане во нашите сеќавања како креативен, одговорен и отворен за нови идеи во интерес на занаетчиството и креирање нови услуги на комората кои ги пружа кон своите членови. Ќе остане запаметен не само во Македонија, туку и во партнерските организации Занаетчиска комора Кобленц, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Хрватска, Словенија и Црна Гора од каде што веќе добивме писма со изразени сочуства до комората и неговото семејство.




## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПОДРШКА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И УКРАИНА



Одржана Меѓународна конференција за подршка на женското претприемништво во рамки на Проектот Подршка на женското претприемништво за земјите од Западен Балкан и Украина. На настанот беа присутни и претставници од Украина, Црна Гора, Србија, Албанија и Косово.На присутните гости се обратија извршниот директор на ЗККобленц Германија Ралф Хелрих и проект менаџерот Евелина Парванова.На конференцијата претставничката од Министерство за Економија Г-ѓа Сание Исмаили ги презентираше мерките за женско претприемништво и можноста за користење субвенции од страна на жените претприемачи.На настанот се доделија плакети за придонес за развој на стручното образование на мајстор фризер Весна Стефкова, награда за придонес за развој на коморскиот систем на Билјана Стефановска и награда за развој на женското претприемништво на Сузана Блажевска.На меѓународната конференција се одржа панел дискусија на која се разменија искуства помеѓу жените во три земји РСМакедонија, Црна Гора и Албанија.Панелисти беа Наталија Пирова Претседател на секција козметичари, Алда Мула претседателка на комитетот на жени при Занаетчиската комора во Албанија , Едита Даутович претседателка на Здружение на жени во Црна Гора и Маја Јовановска сопственик на слаткарница Каке Хаус.На настанот се доделија 18 мајсторски дипломи зафризер и козметичар.





## ЗАПОЧНА СО РАБОТА ПИЛОТ ИНКУБАТОРОТ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ – ГРАДЕЊЕ ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ ИДНИНА

Пилот инкубаторот во рамките на проектот Зајакнување на младите – Градење Вештини, Креирање Иднина, финансиран од Европската Унија, официјално започна со работа на 14.03.2025 година. Првата работилница ја посветивме на Бизнис Модел Канвас, заедно со првата група млади кои започнуваат свои бизниси. Интересот за нови знаења беше огромен од страна на младите лица кои започнуваат занаетчиски бизниси.

Младите претприемачи заминаа задоволни и полни со нови знаења, подготвени да одговорат на предизвиците на претприемачкиот пат.

На инфо пултот за млади во Занаетчиска комора Скопје ги очекуваме сите заинтересирани млади лица  да се пријават за една од понудените обуки во рамките на пилот инкубаторот.





## СЕ ОДРЖАА ДВЕ ИНФОРМАТИВНИ СРЕДБИ ЗА ПОВИКОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ ВО ОБЛАСТА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ – ГРАДЕЊЕ ВЕШТИНИ, КРЕИРАЊЕ ИДНИНА, ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Претставници од проектниот тим на присутните претставници од граѓански организации им го претставија повикот за доделување грантови. Проектниот тим ги презентираше критериумите и правилата на повикот и им дадоа можност на граѓанските организации да поставуваат прашања.




## ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ГРАНТ СО ПЕТ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ ВО ОБЛАСТА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ  И ОДРЖАНА ПРВАТА ОБУКА ЗА ВОВЕД ВО ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ

Во рамките на проектот Зајакнување на младите: Градење вештини Креирање иднина, финансиран од Европската Унија, Занаетчиска комора Скопје доделил 5 (пет) грантови на граѓански организации кои работат во областа на стручното образование. На 04 април 2025 година во просториите на комората се одржа и првата обука за вовед во проектен менаџмент.



## НАТПРЕВАР НА СТРУЧНИ ВЕШТИНИ ВО ФРИЗЕРСТВО НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ



На 21.04.2024 година се одржа Вториот натпревар на ученици фризери од средните стручни училишта Димитар Влахов и Шаип Јусуф во пет категории во Младински Културен Центар. Благодарност до сите мајстори и ментори за подготовката на учениците и до училиштата. Благодарност до жири комисијата составена од врвни професионалци во фризерство: Сретен Костиќ, Јованче Јаневски, Димче Ивановски, Љупчо Петрушевски, Перица Ивановски, Сеад Есад, Даниел Младеновски, Дејан Антиќ, Васка Леонтиќ, Јовица Георгиевски, Адо Хамзиќ, Исмет Салиу, Тоше Кипријановски и Весна Стефкова-мајстор фризер беше водител на натпреварот





Натпреварот го посети градоначалничката на Град Скопје г-ѓа Данела Арсовска која ги доделии наградите на учениците кои освоија прво, второ и трето место во предвидените категории.





Благодарност до Младински Културен Центар, Колид Фуд, Кожувчанка ДОО и до сите козметички брендови кои доделија награди за учениците.

## ТРАДИЦИОНАЛНО ОДРЖАН НАСТАН ПО ПОВОД ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА МАШКОТО ЗДРАВЈЕ MOVEMBER

Movember движење посветено на подигање на свеста за здравствените проблеми на мажите, организиран од Фризерската секција Скопје на 24.11.2024 година во Дајмонд Мол Скопје. Заедница на фризери кои покажуваат огромна општествена одговорност, и кои традиционално го организираат настанот секоја година. Во рамки на настанот познатиот фризер Карло Загорац одржа стручен семинар на нашите членови и им пренесе знаења за одредени техники.







На настанот активно учествуваа Средното стручно училиште Димитар Влахов кои со подмладокот на фризери активно учествуваа на овој настан и мајсторите фризери и бербери кои ги покажаа своите знаења и вештини во берберството

Ваквите иницијативи за машкото здравје им овозможува на сите да поттикнат опкружување со поддршка, да ги зајакнат тимските врски и да промовираат благосостојба во околината.

# ERASMUS + JOINT MENTORSHIP BETTER COOPERATION FOR BETTER VET - ЗАЕДНИЧКО МЕНТОРСТВО-ПОДОБРА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ



Занаетчиска комора Скопје во рамките на проектот ERASMUS + Joint Mentorship Better Cooperation for Better VET, Заедничко Менторство кој се реализира во партнерство со Хрватската Занаетчиска комора, Ресита Техничкото средно училиште од Романија, Факултет за информатичка и дигитална технологија во Ријека, Средното стручно училиште во Пирот, Србија ги изработи Модули за е-учење за ментори во компании.

Идните 14 ментори на 12.11.2024 влегоа во Модули за е-учење за ментори во компании, која што беше претставена од страна на комората. Модулите за е-учење за ментори во компании има за цел да ја подобри обуката на менторите, во 4-те модули се поставени лекции и содржини кои ќе им помогнат на идните ментори за успешно спроведување на практичната обука на учениците. Со е-модулите ќе се подобрат педагошките знаења и вештини на менторите кај работодавачите. Ќе се зголеми признанието на работодавачите како добри ментори.






# „ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ - ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ ВО СРБИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“



На 25.11.2024 година во Занаетчиска комора Скопје се одржа првиот транснационален настан за дисеминација „Озеленување на бизнисот - предизвици и можности во Србија и Северна Македонија“

Микро, малите и средни претпријатија и занаетчиите играат централна улога во зелената транзиција. Организациите за поддршка на бизнисот се важна алка за водење на МСП кон усвојување на зелени деловни практики и зелена транзиција. Проектот „Зелен пат“ има за цел да го поддржи развојот на зелените вештини кај МСП и ОПП од Србија и Северна Македонија. За таа цел Занаетчиска комора Скопје го организираше Првиот транснационален настан за дисеминација „Бизнис озеленување - предизвици и можности во Србија и Северна Македонија“.

На настанот присуствуваа занаетчии од повеќе сектори кои имаа отпад од процесот на занаетчиската услужна или производтвена дејност

На настанот присутните се информираа за активностите и резултатите од проектот „Зелен пат“, да ја поттикне зелената транзиција во бизнисите, се презентираа подготвените алатки кои ќе помогнат во процесот на зазеленување, и ги информиравме за начините како да се вклучат во проектните активности во наредниот период. На настанот присуствуваа и претставници од лиценцираната компанија ЕКО ФЛУИД кои ги презентираа законските обврски на присутните во однос на начин на селектирање и одлагање на отпад.



## ОДРЖАНИ ДВЕ ФОКУС ГРУПИ СО ЗАНАЕТЧИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДРШКА НА БИЗНИС



Во рамките на проектот Зелен Пат-Партнерство за озеленување на бизнисите реализиран во рамките на Еразмус+Програмата акција КА210-АДУ, мали партнерства за образование на возрасни, имплементиран од страна на Центарот за развој на Јабланичко Пчињскиот регион во Република Србија и Занаетчиска комора Скопје во РС Македонија од страна на Занаетчиската комора Скопје се одржаа две фокус групи со цел да се верифицираат наодите од Анализа на вештини кои недостасуваат за обука на организациите за поддршка на бизнисот и малите и средните претпријатија во Северна Македонија.

На ден 22.08.2024 година се одржа Фокус групата за малите и средните претпријатија на која активно учество земаа 12 занаетчии, мали и средни претпријатија од секторите на производство на метал, производство на производи од пластични маси, автомеханичари, столари, бравари, производство на облека во просториите на Занаетчиската комора Скопје. На фокус групата занаетчиите земаа активно учество во дискусијата на наодите од истражувањето и Анализата на вештини кои недостасуваат и се согласија со потребата за обуки за мали и средни претпријатија со цел зголемување на занаењата и вештините на малите бизниси во доменот озеленување на бизнисите.

На ден 23.08.2024 година се одржа фокус групата за Организациите за поддршка на бизнис на која присуствуваа 10 организации за поддршка на бизнис кои активно се вклучија на работилницата со свои искуства на темата озеленување на бинисите и ги верификуваа наодите од Анализата на вештини кои недостасуваат за обука за организациите за поддршка на бизнисот за малите и средните претпријатија.

## ОДРЖАНИ ФОКУС ГРУПИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ТАА ЗАНАЕТЧИЈА-ЗАЈАКНУВАЈЌИ ГИ ЖЕНИТЕ ОВОЗМОЖУВАМЕ УСПЕХ



На 09 и 10 јули 2024 година во просториите на Занаетчиска комора Скопје се одржаа фокус групи во рамките на истражувањето за воведување на дополнителна дејност во занаетчискиот сектор. Фокус групите беа предводени од експертот Александар Целески заедно со проектниот тим на Занаетчиска комора Скопје. Во фокус групите учествуваа жени кои се во работен однос и вршат дополнителна занаетчиска дејност и жени кои вршат нерегистрирана дејност а таа им е основен приход за егзистенција.Фокус групите имаа за цел да се разговара директно со лицата кои вршат дополнитена дејност и да се утврди потребата од регулирање на дополнителната работа во занаетчискиот сектор

# УСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ВКУПНО 4 ОБУКИ НАМЕНЕТИ ЗА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧКИ ОД ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР И 4 ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ЗАНАЕТЧИСКИ КОМОРИ




40 жени занаетчики имаа можност да го прошират своето знаење на теми пристап до финансии, успешно водење на бизнис, формирање на цена и пронаоѓање нови клиенти. Дополнително, вработени од 5 Регионални занаетчиски комори, вклучително и претставници од Занаетчиската комора Скопје ги зајакнаа своите капацитети со цел развивање на нови услуги наменети за своите членки. Обуките ги реализираше обучувачот Иван Стојанов кој реализираше и практични вежби и тестирање на знаења стекнати преку обуката

Овие обуки поддржани во рамките на USAID North MacedoniaУСАИД проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“ имплементиран од Консалтинг за стратешки развој имаат цел да ги подобрат капацитетите на жените занаетчики за водење на бизниси кое ќе придонесе кон нивно економско зајакнување и родова рамноправност.





# РЕАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ДИЗАЈН НА ИЗРАБОТКИ ОД СРМЕН КОНЕЦ ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОБРАЗОВНИ И СОВЕТОДАВНИ ЦЕНТРИ ОД СЛОВЕНИЈА И ЦЕНТАРОТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ОД СКОПЈЕ

Занаетчиска комора Скопје беше домаќин на Здружението на образовни и советодавни центри од Словенија во периодот од 16-21 март 2025 година. Во рамките на ова партнерство, финансирано од програмата Еразмус+, 16 претставнички – учеснички на обуки за неформално образование на возрасни во образовните центри – Људски универзи од Толмин, Јесенице, Кршко, Нова Горица, Ново Место, Загорје, Жалец и Мислиња, зедоа учество во креативен курс за изработка на дизајни од срмен конец. Програмата беше изработена од страна на Занаетчиска комора Скопје, каде што и се одржа обуката за изработка на слики од срмен конец со обучувач занаетчика Јулијана Јакимовска.






По враќањето во своите матични Људски универзи, учесничките ќе ја понудат оваа програма за сите заинтересирани слушатели во нивните заедници. Оваа можност е особено важна, бидејќи во Словенија не е застапена техниката на креативна работа со срмен конец.



## ОГЛАС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР, КОЗМЕТИЧАР, АВТОМЕХАНИЧАР И ПЕКАР

Почитувани занаетчии

Квалификацијата мајстор е на V б ниво од Националната рамка на квалификација и претставува престиж за занаетчиите кои се стекнуваат со постсредно образование,

ГИ ПОВИКУВАМЕ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗАНАЕТЧИИ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1. Да имаат завршено средно образование од тригодишно, четиригодишно траење или потсредно образование

2. Да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната дејност

Да се пријават во Занаетчиска комора Скопје со пополнување на Пријава за полагање на мајсторски испит и доставување на следните документи:

1. Лична карта

2. Диплома за завршено средно образование

3. Доквалификација или преквалификација за занаетот за кој се пријавуваат доколку лицето нема завршено средно стручно образование и стекната диплома

4. Тековна состојба за работодавачи кои имаат сопствен бизнис

5. М1-М2 обрасци за да се утврди работното искуство

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО СЛЕДНИТЕ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ:

-Автомеханичар

-Автоелектричар

-Фризер

-Козметичар

-Оптичар

-Бравар

-Инсталатер за греење и климатизација

-Електроинсталатер и монтер

-Електротехничар

-Слаткар

-Пекар

-Тапетар

-Кроење и шиење

Еден од предизвиците на пазарот на труд е недостигот на квалификуван кадар со потребни практични вештини и компетенции. Во насока да се обезбеди иден кадар за стопанството Работодавачите доколку сакаат да земат ученик на практична обука потребно е да исполнат одредени стандарди во однос на стручен и друг кадар-ментор, односно да имаат кадар кој е сертифициран за работа со ученици. Согласно член 13 од Законот за стручно образование и обука надлежност на комората е организирање и спроведување на обуките на менторите и издавање на сертификат.

Согласно стандардот за стручен и друг кадар право на учество имаат лица кои се или работодавачи или вработени лица кај работодавачот, како и да има најмалку три години работно искуство во дејноста.

Подетални информации на тел. 02 3 237-850



## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

- Регистрација на занаетчии преку едношалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Изготвување на МПИН за занаетчии-паушално оданочени
- Изготвување на ЕПДД за закуп
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети и финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
    - Систематски прегледи
    - Обуки за прва помош
    - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
    - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Организирање на деловни средби, учество на семинари, настапи на саеми и базари за своите членови
- Организирање на обуки за занаетчиски занимања во Центарот за образование на возрасни на Занаетчиска комора Скопје

веб страна: www.zkomora.com.mk
FB. Zanaetciska Komora Skopje Skopje
Издава: Занаетчиска комора Скопје
Ул. Битпазарска бр. 12, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0) 23237-850 Централа
Email: info@zkomora.com.mk

Дизајн и припрема:
Анета Атанасовска

Печати: Европа 92
ISSN 1857-8322